РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer 03-3897/1
09.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Предмет: Четврти седумдневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува четвртиот седумдневен извештај за Локалните избори 2025 година, во согласност со обврската од член 76-в став 2 од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година. Извештајот се однесува на периодот од 1 до 8 септември 2025 година.

На 2 септември 2025 година беше одговорено на дописот со кој Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) бараше поддршка за бесплатно емитување едукативни видеа за подигнување на јавната безбедност во сообраќајот, изработени во соработка со Министерството за внатрешни работи. РСБСП беше информиран дека, согласно член 75-д став (4) и член 84-а од Изборниот законик, емитувањето спотови финансирани со средства од Буџетот е законски забрането сѐ до завршувањето на изборниот процес за Локалните избори 2025.

Авторот на видео - прилогот со наслов „Нема струја во Желино, граѓаните револтирани. Овие се крадци" (објавен на онлајн медиумот Тетовасот на 19.08.2025), испрати приговор на Заклучокот од Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Телото, во одговорот што му го достави на 2 септември 2025 година, му посочи дека не ја разгледуваше претставката за неговиот прилог бидејќи тој не се однесуваше директно на Локални избори. Истовремено, го запозна со клучните делови од мислењето на Комисијата за жалби при СЕММ, кое Телото во својот Заклучок го поддржа, а кои укажуваат на тоа дека во прилогот има прекршување на членот 1 (објавување точни, проверени информации) и членот 13 (правење разлика меѓу фактите и мислењата) од Кодексот на новинарите на Македонија.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје